МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

НОВИНАРСКИ
НАГРАДИ 2022
НИКОЛА
МЛАДЕНОВ

**ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА**

**НОВИНАРСКИТЕ НАГРАДИ „НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2022“**

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на професионалното новинарство, Комисијата за доделување на новинарските награди НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2022, во состав:

- **Верица Јорданова, претседателка на УО на МИМ**
- **Арта Тахири, уредничка во ТВ АЛСАТ-М**
- **Марина Тунева, професорка**
- **Роберт Атанасовски, фоторепортер**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

**ДОНЕСЕ ОДЛУКА**

**Наградата за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на тимот новинарки Сашка Цветковска, Елена Митревска Цуцковска и Маја Јовановска од редакцијата на Истражувачката репортерска лабораторија за сторијата *„Нечиста крв“*, емитувана на МТВ1 и на веб-страницата на ИРЛ.**

Истражувачката сторија на ИРЛ со наслов „Нечиста крв“ обелоденува загрижувачки податоци за начинот на којшто се третирале пациентите во една од приватните болници во државата за време на пандемијата со ковид-19. Новинарскиот производ содржи темелно новинарско истражување, поткрепено со факти, докази и со изјави од многу релевантни извори и соговорници. Проблемот е објаснет на разбирлив начин, со придржување до професионалните и етичките новинарски стандарди, и заложба да се иницира институционално разрешување на детектираните неправилности.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

Сторијата, којашто предизвика лавина реакции во јавноста, е пример за конзистентно и доследно следење на проблематика од висок јавен интерес, со силен новинарски и тимски ангажман. Авторките неуморно, храбро и посветено се обидоа, преку работата на оваа сторија, да испратат порака за тоа каква е и каква треба да биде улогата на новинарството како коректор на општествените процеси во секоја демократска средина.

**Наградата за Најдобар иновативен новинарски производ ѝ се доделува на новинарката Кристина Атовска, за репортажата од војната во Украина на тема *„Како изгледа животот во рововите на првата линија на огнот“*, објавена во емисијата „Утрински брифинг“ на „Слободна ТВ“.**

Репортажата на авторката Кристина Атовска е пример за тоа како новинарите, во обид да ја доловат реалноста на едно сурово секојдневие, влегуваат во зони од висок ризик и работат во крајно незавидни околности. Сторијата го прикажува животот на граѓаните во Украина, вклучително и на деца со попреченост, проблемите со кои тие се соочуваат и поддршката што ја добиваат од хуманитарните организации и индивидуи додека трае војната во оваа земја. Користејќи го само мобилниот телефон, без какви било дополнителни ресурси и можност да известува со поддршка од комплетна новинарска екипа, авторката ѝ овозможи на публиката на автентичен и креативен начин да го слушне гласот на оние што се најдоа на првите борбени линии и гласот на најранливите, обидувајќи се да испрати апел за солидарност и поддршка не само до домашната, туку и до јавноста на глобално ниво.

**Наградата за Најдобра репортерска фотографија ѝ се доделува на фоторепортерката Арбнора Мемети за фотографијата *„’Врнежи’ од канцерогени материи во Тетово“*, објавена на веб-страницата на „Дојче Веле“ на македонски јазик.**

Демонстрирајќи исклучителна креативност и естетски израз, фотографијата јасно и прецизно го илустрира проблемот со екстремно загадениот воздух во Тетово за време на минатогодишниот пожар во Тутунскиот комбинат. Доловувајќи ја драматичноста на амбиентот, фотографијата допира до гледачот и упатува јасна порака околу тежината на проблемот и неговите последици.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

На годинешниот конкурс што беше објавен на 27 јануари и траеше до 1 март 2023 пристигнаа:

- 16 стории, обработени во 77 текстови/видео прилози, **во категоријата Најдобра истражувачка сторија;**
- 18 теми **во категоријата Најиновативен новинарски производ**.
- 27 фотографии **во категоријата Најдобра репортерска фотографија**.

Комисијата констатира дека изминатата година новинарите посветено и темелно работеле и продуцирале квалитетни истражувања кои откриваат и анализираат теми и прашања од висок јавен интерес, истовремено поттикнувајќи институционална разрешница во случаите кадешто се констатирани неправилности и злоупотреби од страна на поединци и институции.

Комисијата го поздравува трендот на зголемена употреба на информациско-комуникациските технологии и примената на новите, креативни начини на новинарско изразување. Истовремено, се укажува на потребата од повнимателно усогласување на содржината на новинарската сторија и техничките интервенции, со цел фактите и пораката да стигнат и да бидат разбрани од страна на публиката.

Со оглед на тоа што репортерските фотографии можат да ги покријат практично сите аспекти од случувањата во општеството, се препорачува да се прошири опсегот на теми, преку подобрена техничка изведба и естетски израз, заради продукција на квалитетна фотографија. Се добива впечаток дека весниците и порталите недоволно одвојуваат простор и ресурси за фотостории или пак настани за кои информираат преку фотографија.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година, а од 2013 година, наградата го носи името на угледниот новинар и сопственик на неделникот „Фокус“, Никола Младенов. Во 2021 година беа воведени уште две посебни категории - најиновативен новинарски производ и најдобра репортерска фотографија.

Скопје, 21 март 2023 година

МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

**Линкови до наградените новинарски стории:**

| | |
|---|---|
| Најдобра истражувачка сторија | ***„Нечиста крв“***<br>https://www.youtube.com/watch?v=vm538U5IjIQ&t=11s |
| Најиновативен новинарски производ | ***„Како изгледа животот во рововите на првата линија на огнот.“***<br>**Репортажа од линијата на огнот во регионот Изјум, Украина.**<br>https://www.youtube.com/watch?v=WWvvfH855vw<br>https://www.youtube.com/watch?v=xU4rkTcbDZs |
| Најдобра репортерска фотографија | ***„’Врнежи’ од канцерогени материи во Тетово“***<br>https://www.dw.com/mk/тетовци-дишат-отрови-алармираат-екологистите-по-големиот-пожар/a-61988027 |

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk